# 3. ЕЛЕКТРОНСКАТА ПОШТА (E-MAIL)

**Електронската пошта** (**electronic mail** или **e-mail**) е форма на комуникација при која се креираат електронски пораки и истите се трансферираат меѓу два или повеќе уреди поврзани мрежно. Денес е-меил комуникацијата не познава никакви ограничувања при размена на пораките, бидејќи една порака истовремено може да се испрати до повеќе корисници чиј број теоретски не е органичен. Но сепак, мора да се забележи дека е-меилот како да ја губи битката со многубројните сервиси за online комуникација преку Интернет, како на пример Viber, Skype или WhatsApp, а причината за тоа е можноста за мултимедијална комуникација (звук и видео). Како и да е, е-меилот и понатаму широко се користи и претставува една од најпопуларните форми за бизнис комуникација.

За да се оствари e-mail комуникација потребно е секој од корисниците да има своја e-mail адреса. Таа се состои од два дела. Првиот дел од е-меил адресата е **корисничкото име** (**username**). Доколку е-меил адресата е дадена од некоја организација, на пример факултет или фирма во која личноста е вработена, тогаш организацијата може да има одредени стандарди за дефинирање на корисничките имиња. На пример, корисничкото име на секоја личност може да биде дефинирано со **ime.prezime**. Притоа корисничкото име мора да биде единствено за секоја личност на еден е-меил сервер. Името на доменот (**domain name**) е вториот дел од е-меил адресата. Тоа го специфицира името на серверот до кој треба да се испрати е-меилот преку Интернет. Имињата на домените содржат точки (**dots**) со цел нивно разбивање. Најспецифичниот дел од името на доменот се појавува прво во адресата, по што следи доменот од највисоко ниво. Двата дела од е-меил адресата се разделени со знакот **@** (**at**).

Како пример да ја погледнеме е-меил адресата: **username@pfsko.ukim.edu.mk**.

> Во оваа меил адреса, **pfsko** го означува името на серверот на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје, **ukim** означува дека **pfsko** е само еден од серверите во универзитетската мрежа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, **edu** е ознака за образовна институција, а **mk** е доменот на нашата држава.

Покрај наставката edu, во е-меил пораките се користат и други наставки, односно оние кои се користат и кај веб-страниците (mil, org, gov, com, net).

Најголем дел од е-меил адресите не се осетливи на големи и мали букви. Тоа значи дека ime.prezime@pfsko.ukim.edu.mk и Ime.Prezime@pfsko.ukim.edu.mk означуваат иста адреса. При испраќање на е-меил порака многу е важно точното внесување на адресата. Доколку се направи грешка, пораката може да биде испратена до друг корисник или воопшто да не биде испорачана. Во тој случај, меил серверот кој ја

примил пораката може да ја врати назад до испраќачот со цел да се укаже дека адресата не е позната.

## 3.1. Видови на е-меил комуникација

Постојат два вида на е-меил комуникација: преку користење на **е-меил програми** или користење на **Webmail**.

- Дел од софтверските компании кои развиваат веб-прелистувачи, исто така произведуваат и **е-меил програми** (или **е-меил клиенти**) за управување со електронски пораки. Најпознати е-меил програми се Outlook, Thunderbird, Netscape.
- Освен можноста да се добие специфична меил адреса од одредена организација, секоја личност може да креира своја меил адреса користејќи некој од **Webmail** провајдерите. **Webmail провајдер** е веб-локација преку која може да се добие е-меил адреса и која дава можност за управување, праќање и примање на електронски пораки. Најголем дел од **Webmail** провајдерите исто така нудат и други веб-базирани услуги (сервиси), како online размена на фајлови за регистрираните корисници. Е-меил сметката од Webmail провајдер се нарекува **Webmail** бидејќи кон неа може да се пристапи преку веб-страницата на провајдерот. Два најпознати Webmail провајдери се Windows Live Hotmail и Gmail на Гугл.

### 3.1.1. Како функционира е-меилот?

На сликата 3.1. е опишан начинот на праќање на една е-маил порака и како таа стигнува на наведена адреса.

**А.** Испраќачот користи е-маил програма (клиент) на својот компјутер или веб-прелистувач за да креира електронска порака. Во неа ја внесува е-меил адресата на примачот, по потреба може да вметне додатоци (attachments) и ја испраќа пораката.

**Б.** Протоколот кој е стандард за размена на е-меил пораки преку Интернет е **SMTP (Simple Mail Transfer Protocol)**. Овој протокол се справува со пораките кои корисникот ги испраќа и ги определува патеките по кои ќе се движи пораката низ Интернетот.

**В.** Локалната мрежа на испраќачот ја испраќа пораката до меил серверот на испраќачот.

**Г.** Меил серверот е хардверски и софтверски систем кој од адресата на примачот определува една или повеќе електронски рути по кои пораката се испраќа.

**Д.** Е-меил адресата во пратената порака го идентификува меил серверот на примачот. Кога е-маил пораката ќе пристигне до меил серверот на примачот, неговиот софтвер се справува со дистрибуирање на пораките локално, на ист начин како што поштарот ги распределува писмата во поштенски сандачиња. Пораката се чува на меил

серверот на примачот сѐ додека не биде побарана од некој уред на примачот (компјутер, мобилен, таблет, итн).

**Ѓ.** Примачот се поврзува на неговата мрежа за да испрати наредба до меил серверот за преземање на новите пораки.




**Слика 3.1.** Испраќање и примање на е-меил порака

**Е.** POP (Post Office Protocol) се справува со новите пораки на корисникот.

**Ж.** Корисникот користи **е-меил програма**, односно **меил клиент софтвер** (софтверот кој побарува испорака на е-маил пораки од меил серверот), на својот компјутер или друг уред или веб-прелистувач со цел да ги прочита новите пораки.